**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-2494/2
16.05.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 26-2494/1 од 29.04.2025 година, поднесено о[redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр. 26-2494/1 од 29.04.2025 година, поднесено о[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер: „Кога е урната последната дивоградба на територија на Општина Велес?" и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УВАЖУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

- Во Општина Велес се отстранети диво изградени објекти во: мај 2024 година, декември 2024 година и последното отстранување на диво изграден објект е извршено во февруари 2025 година.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Мацарова
Магдалена Грубор

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*